# ЗЛАТЕН ТРИАГОЛНИК НА ИНДОКИНА

(Виетнам, Лаос, Камбоџа)

29.11-10.12.2024



**29.11.2024 |СКОПЈЕ-ИСТАНБУЛ**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје, 2 часа пред предвидениот лет кон Истанбул во 20:35 часот. Пристигнуваме во Истанбул во 00:15 часот после полноќ.

**30.11.2024 | ИСТАНБУЛ-ХАНОЈ (ВИЕТНАМ)**

Поврзаниот лет кон Ханој, Виетнам е во 02:30 часот. Пристигнуваме во Ханој во 15:25 часот локално време. По завршување на сите формалности на аеродромот, со организиран трансфер, се упатуваме кон хотел. Се сместуваме во хотел. Одмараме од долгиот пат, пред вечерните прошетки во градот. Ноќевање.

**01.12.2024 | ХАНОЈ (BAVI ECO TOUR)**

Појадок во хотел. На овој ден се возиме по руралните патеки и полиња, до куќата на г-дин Доук, експерт за зелен чај, фармер и ветеран од војната во Виетнам. Во комбинација со домашна закуска, ги слушаме приказните за злогласната војна и се упатуваме кон неговата плантажа за чај, една од најголемите во селото Ри. Уживаме во традиционална храна подготвена од г-ѓа Чин, шетаме низ селото, се запознаваме со локалните жители и ги слушаме нивните приказни за овој дел на светот. Работилниците за прочистување на ориз, се едни од задолжителните места за посета, кога ќе стапнете на овој крај на светот. Се возиме со велосипед низ оризовите полиња и уживаме во прекрасните глетки пред нас. Во домашен амбиент, ќе имаме педикир со смеса од традиционална хербална мешавина на "Moung". Овој ден го завршуваме со крстарење по реката Да (Da River) и се релаксираме во гледките пред нас. Се враќаме во Ханој. Ноќевање.

**02.12.2024 | ХАНОЈ (Hoa Lu & Tam Coc)**

Појадок во хотел.  За овој ден е предвидено посета на Хоа Лу, антички главен град на Виетнам, кој се наоѓа на околу еден час со возило. Патувајќи дотаму, уживаме во прекрасните глетки, слушајќи ги приказните на локланиот водич за историјата на династиите Ле и Дин кои владееле во оваа древна тврдина пред многу генерации. Правиме пауза за традицинален ручек пред да го посетиме Там Кок, локално познат како "Заливот

Ха Лонг на копно”. Карстните формации пред нас ќе ни дадат посебна глетка, пред да навлеземе во дел од варовничките пештери кои ќе ги истражуваме денес. Турата ја завршуваме со велосепеди низ тивките села кои ја опкружуваат оваа област, а кои единствено на овој начин ќе ги почуствуваме во вистинска смисла. Се враќаме во Ханој. Ноќевање.

**03.12.2024 | ХАНОЈ (Крстарење во заливот Халонг)**

Појадок во хотел. Денешниот ден е предвиден за пловидба низ прекрасните и бескрајни оризови полиња на делтатата на Црвената рек. Пловиме по заливот Халонг и ги истражуваме карстните пештер и варовничките формации кои се расфрлани по брегот. Правиме пауза за ручек со свежа морска храна, на палубата на бродот, со прекрасен поглед кон блескавите води. По ручекот, посетуваме познати пештери, се восхитуваме на изворедни сталагмити и сталактити, за на крајот да кајакариме низ заливот и допловиме до пловачките пазари на селата овде. Уживаме во раната вечера на бродот и уживаме во прекрсната ноќ. Ноќевање на брод.

**04.12.2024 | ХАНОЈ (Виетнам)**

Појадуваме на бродот и уживаме во зраците на сонцето, кое нежно не гали и ја осветлува водата пред нас. Патувајќи назад кон пристаништето, посетуваме уште пештерски зданија. Пристигнуваме во Ханој и го користиме слободното време за индивидуални прошетки или во заедничи договор со групата и пратителот на истата. Ноќевање.

**05.12.2024 | ХАНОЈ-ЛУАНГ ПРАБАНГ (Лаос)**

Појадок и одјавување од хотелот. Со организиран трансфер, се упатуваме кон аеродромот во Ханој, за лет кон Луанг Прабанг, Лаос. Пристигнуваме на аеродромот во Лаос, од каде со организиран превоз се упатуваме кон хотелот овде. Се сместуваме во хотел. Одмараме и го истражуваме градот индивидуално или во договор со групата и пратителот на истата. Ноќевање.

**06.12.2024 |ЛУАНГ ПРАБАНГ (Лаос)**

Појадок во хотел. Денот го користиме за истражување на најстарите храмови на градот и прекрасните примери на класичната архитектура на Лаос, со уникатни покриви и изворедни детали. Потоа крстариме по реката Меконг, до пештерата Пак Оу. Оваа пештера е поврзана со природни тунели, облежени со илјадници златни статуи на Буда, кои аџиите овде ги оставаат како дар за него. Застануваме во селото Бан Ксанхаи каде ќе бидеме сведоци на производство на локално вино од ориз. Се враќаме во градот. Ноќевање.

**07.12.2024 | ЛУАНГ ПРАБАНГ-СИЕМ РИП (Камбоџа)**

Појадок и одјавување од хотелот. Со организиран превоз се упатуваме кон аеродромот, за лет кон Камбоџа и градот Сием Рип. Се сместуваме во хотел и го истражуаме градот. Ноќевање.

**08.12.2024 | СИЕМ РИП (Ангкор Ват)**

Појадок во хотел. Денот овде го поминуваме со посета на Светското наследство на УНЕСКО и едно од 7те светски чуда – храмот Ангкор Ват. Најнапред го посетуваме Бантеај Среи, храм од 10ти век на Шива, изграден од Браман, под надзор на Раџендварман. Се восхитуваме на резбите кои го красат овој храм, пред да продолжиме до селото Преа Дарк каде ќе го посетиме храмот Бантеај Самре, како и ги споредиле нивните

барелефни резби кои ги прикажуваат Вишну и Кришна. Правиме пауза за ручек, пред да продолжиме со посета на древнит храмови и урнатини кои секој по себе оставил свој белег овде. Следен на нашата агенда е гхрамот Бајон, кој е изграден некаде во 12от век од кралот Јајаварман VII, составен од 54 различни кули. Овој ден го завршуваме со посета на Ангкор Ват, еден од најголемите и според многумина најубавите на храмови во целиот свет. Ноќевање.

**09.12.2024 | СИЕМ РИП-ХАНОЈ-ИСТАНБУЛ**

Појадок и одјавување од хотелот. Последни прошетки во Сием Рап пред организираниот превоз до аеродромот овде за летот кон Ханој. Оттаму полетуваме кон Истанбул.

**10.12.2024 | ИСТАНБУЛ-СКОПЈЕ**

Пристигнуваме во Скопје во утринските часови.

## ПАКЕТ ЦЕНА ПО ЛИЦЕ: 2690€

**Пакет цената е изразена по лице во двокреветна соба, при што истата вклучува.**

- ✓ Повратни авионски билети од Скпоје, согласно програмата;
- ✓ Аеродромски такси;
- ✓ Рачен багаж до 8кг по лице;
- ✓ Чекиран багаж до 23кг по лице;
- ✓ 4 ноќевања со појадок во хотел во Ханој;
- ✓ 1 ноќевање со појадок, ручек и вечера на брод;
- ✓ 2 ноќевања со појадок во Луанг Прабанг (Luan Prabang);
- ✓ 2 ноќевања со појадок во Сием Реп (Siem Reap);
- ✓ Ручеци според програмата;
- ✓ Излети според програмата;
- ✓ Пратител на групата во текот на целото патување;
- ✓ Патничко осигурување.

**Пакет цената НЕ вклучлува:**

- ⌧ Визи за влез во Виетнам, Лаос и Камбоџа кои се издаваат и плаќаат на лице место;
- ⌧ Патничко осигирување;
- ⌧ Туристичка такса која се плаќа директно во хотелите (доколку има таква);
- ⌧ Доплата за еднокреветна соба: 500€

**Напомени:**

- Понудата е валидна при минимум 10 пријавени лица;
- Агенцијата го задржува правото за корекција на пакет цената на аранжманот, во случај на недоволен број пријавени лица или промена на набавните цени од страна на авиокомпанијата, хотелските капацитети, трансфер компаниите, како и излетите кои се вклучени во истиот;
- Резервација за гарантира со уплата од минимум 50% од вкупниот износ на аранжманот, со целосна доплата најдоцна 30 дена пред датумот на патување;
- Агенцијата се обрзвува најдоцна до 30 дена пред почетокот на патувањето да ги извести пријавените лица за реализација или откажување на патувањето;
- Во случај на отказ на патувањето од страна на агенцијата, депозитот за резервација се рефундира во целост;
- Во случај на отказ од страна на патникот, при потврдена реалзиција на програмата, уплатениот депозит не се рефундира.

## ОПШТИ И КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДЕСТИНАЦИИТЕ

**Виетнам**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈАТА**

Виетнам е земја во Југоисточна Азија. Сместена е на брегот на Јужното Кинеско Море и Тајландскиот Залив. На север се граничи со Кина, на запад со Лаос и на југо-запад со Камбоџа. Престорна површина: 331.210 км2, 66-та по големина во светот;

Население: **94,34 милиони жители**

Главен град: **Ханој** (3,29 милиони жители)

Националност: **виетнамци** (85,7%), други етнички групи (14,3%)

Официјален јазик: виетнамски; се користат уште и англиски и француски;

Вероисповед: неопределени (80,8%), будисти (9,3%);

**2. ВИЗА**

**Виетнам**: Што се однесува до визата за Виетнам, ќе ви биде издадена еднократна виза за Виетнам и ќе ја добиете на аеродромот со авионскиот билет. Цената на визата е **20УСД** (кои ги уплаќате во агенцијата) + **25УСД** кои ги плаќате на аеродромот кога ќе слетате. За виза во Виетнам, треба да имате две фотографии со вас, а кога ќе слетате, одете на пултот на кој пишува LANDING VISA, каде визата ќе Ви биде залепена на вашиот пасош.

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Временската зона е **UTC +7**, што значи 6 часа пред С. Македонија.

**4. КЛИМА**

Тропската монсунска клима е распространета во областа **Индокина**. Сезоната на дождови трае од средината на мај до октомври, додека сушната сезона е од ноември до април. Поради високата влажност, и пониските температури тешко се толерираат. На северот влажноста е многу пониска, а климата е поблага. Ноември и

декември означуваат пристигнување на сувата сезона и ноќните температури на големи височини може повремено да се спуштаат до ниво на благ мраз. Температурите започнуваат да се искачуваат во јануари, кога достигнуваат и до 40°C.

Во **Виетнам**, климата е тропска, обележана со чести монсуни. На северот забележан е пад на температурата помеѓу ноември и април. Температурите се движат помеѓу 5°C и 37°C.

**5. ХРАНА И ПИЈАЛОК**

Храната е многу разновидна, таканаречено типично азиска. Има многу ориз, риба, тестенини, пилешко, овошје и зеленчук. **Виетнам** има обилна трпеза и разработена техника за подготовка на храна. Подготовката на храна станала уметност кај виетнамскиот народ, така што некои виетнамски јадења станале светски познати. Во Виетнам, имате можност да пробате многу вкусни јадења што не можете да ги најдете на кое било друго место во светот. Некои јадења се подготвени од морска храна, како што се јастог, риба, рак и лигњи... кои се релативно ретки и скапи во некои западни земји, но неверојатно евтини во Виетнам. Покрај уживањето во традиционалните јадења како супа од тестенини (Pho), свински колбас (Gio lua), пролетно пециво (Nem ran), рибни кугли (Cha ca) и др… Виетнам го прифатил начинот за подготовка на некои јадења од земји што се познати по нивната добра подготовка на храна и добрите кулинарски техники, како што се Тајланд, Кина, итн...

**6. ЗДРАВЈЕ**

Вакцинацијата е по избор. Нашите патници одлучуваат индивидуално дали сакаат да бидат вакцинирани или не. Најдобро е да се јавите во Институтот за јавно здравје и да проверите. Препорачливо е да земете абдоминални лекови (пробиотик), треска или некои лекови за болка и покачена телесна температура, за секој случај. Ако не го земете тоа, не е страшно, сè може да се купи во аптеките таму. Исто така, има комарци таму, па можеби ќе сакате да донесете и Аутан, и таму може да земете репеленти против комарци, од искуство, нивните средства се посилни.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Осигурувањето е незадолжително, но секако го препорачуваме за далечни дестинации. Можете да го платите во која било осигурителна компанија и да го понесете на патувањето, или можете да го уплатите кај нас во агенцијата најдоцна 5 дена пред патувањето.

**8. СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**

На сите посетители им се советува да бидат внимателни. Се препорачува внимателно чување лични документи и пари заради ризик од грабеж и џепароши. Движењето по улица навечер се препорачува само доколку не сте сами. Дрогата е нелегална, и како таква е казнива со закон и затвор.

**9. ОБЛЕКА**

Пакувајте што е можно помалку облека! Насекаде можете да ги исперете алиштата. Оваа услуга е многу поволна, околу 1 евро по килограм, алиштата брзо се завршени, убаво испрани и здиплени. Со оглед на високите температури, понесете лесна гардероба. Задолжително понесете дуксер или некоја лесна јакна и некои долги панталони за возењето со автобуси (кои се климатизирани). Кога посетувате културни и историски места, поточно храмови, имајте во предвид дека е задолжително да ги покривате нозете и рамената, затоа при пакување внимавајте на ова.

**10. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Валутата во Виетнам е **виетнамски донг,** а девизниот курс е 1 УСД = 23.365 VND. Исто така, не препорачуваме да се потпрете на плаќање со платежни картички, па затоа е подобро да носите пари во готово.

**11. ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ И БАНКОМАТИ**

Банкарскиот систем е високо развиен, така што ќе најдете бројни банки и банкомати на секој чекор од патот. Треба да проверите кај матичната банка за точниот износ на провизијата. Наша препорака е да понесете пари во готово. Може да се користат кредитни картички, но претходно мора да ја известите вашата банка за да немате проблеми со блокирање на картичката. Исто така имате менувачници на секој чекор, достапни во текот на целиот ден.

**12. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи во Виетнам работат, но најлесно ќе ви биде да си купите локална SIM картичка. Исто така, насекаде има интернет кафулиња, а сместувањата се опремени со wireless интернет.

**Камбоџа**

**Камбоџа** е држава во југоисточна Азија. На југозапад излегува на Тајландски залив (дел од Јужно кинеско море). На запад и север се граничи со Тајланд, на север со Лаос и на исток и југ со Виетнам.
Површина на земјата: **181,035 km2**, 90. по големина во светот
Број на жители: **15,7 милиони жители**
Главен град: **Pnom Pen** (1,7 милиони жители)
Националност: **Камбоџанци** – Кмери (90%), останато: Виетнамци, Кинези;
Официјален јазик: ***кмерски***;
Вероисповед: **будизам** (будисти 96,9%);

ВИза за Камбоџа се вади на граница. За тоа е потребно да имате две фотографии, 3.5 x 4.5cm на бела позадина и 4**0 долари** (во долари). На излез од Камбоџа се плаќа и такса од 20 долари.

Временската зона е **UTC +7**, значи 6 часа нанапред во однос на С. Македонија.

Друштво за туризам, промет и услуги НЈУ ВЕЈС ОФ ТРАВЕЛ ДООЕЛ Скопје

Во **Камбоџа** климата е монсунска. Од декември до април трае сушен период, кога преовладува сув североисточен монсун. Просечната температура се движи помеѓу 21°C и 35°C.

**Камбоџанската кујна** се издвојува со често користење на билки, тревки и зеленчук. Камбоџанската кујна се краси со репутација на една од најстарите и најздравите во светот. Најважниот додаток во сите јадења е ориз и тестенини од разнолики видови и облици. Од месо се јаде пилешко, свинско, телешко и месо од патка. Се консумираат многубројни видови на овошје и зеленчук. Специјалитет на камбоџанската кујна е Амок - кари паста со кокосово млеко и бројни додатоци, спакувано во лист од банана. Тука се уште и супата со нудли, месо од скара, салата од манго и разни други слатко - луто - кисели комбинации.

Вакцинација не е задолжителна. Нашите патници индивидуално одлучуваат дали сакаат да се вакцинираат или не. Најдобро е да се консултирате со Институт за јавно здравје и да проверите. Пожелно е да понесете лекови за стомачни болки (пробиотик), фервекс или некои лекови за болка и покачена телесна температура, за секој случај. Доколку не понесете, не е страшно, сé може да се купи и во тамошните аптеки. Исто така, таму има комарци, па би било добро да понесете и Аутан, а можете и таму да купите средства против комарци, но од искуство, нивните средства се со посилно дејство.
На сите посетители им се советува да бидат внимателни. Се препорачува грижливо чувањена личните документи и пари поради ризик од кражби и џепароши. Движење во доцните вечерни часови се препорачува само доколку не сте сами. Дрогата е нелегална појава, и како таква е казнива со закон и затвор.

Спакувајте што е можно помалку багаж! Секаде можете да ги исперете алиштата. Таа услуга е навистина поволна, околу 1 евро по килограм, алиштата се набрзина готови, убаво испрани и здиплени. Со оглед на високите температури, носете лесна гардероба. Задолжително понесете дуксер или некоја лесна јакна и некои долги панталони за возењето со автобусите (бидејќи се климатизирани). Понесете некои удобни патики за целодневните обиколки на комплексот Ангкора. За обиколките на културно - историските знаменитости, конкретно храмови, мораме да напоменеме дека е задолжително покривање на нозете и рамењата, така да обрнете внимание и на тоа за време на пакувањето. Ако било што заборавите, од гардероба, козметика, обувки, без грижи, таму можете да купите сé.

Што се однесува до парите и плаќањето, пожелно е да носите долари, особено за Камбоџа. Валутата во Камбоџа е **камбоџански рил (Riel)**. Однос на валутата изнесува околу **1 USD = 4.045 KHR**, иако во Камбоџа секаде е можно плаќање со долари, па поради тоа Ве советуваме да понесете долари и тоа што е поситно можно.

Банкарскиот систем е многу развиен, така што ќе најдете бројни банки и банкомати на секој чекор. За износот на точната провизија би требало да проверите со матичната банка. Наша препорака е да понесете готовина.

Користење на платежни картички е можно, но тоа морате претходно да го најавите во матичната банка, за да не дојде до блокирање на картичките. Менувачници исто така имате на секој чекор, достапни во текот на целиот ден.

Нашите мрежи не функционираат во Камбоџа. Исто така, интернет кафулиња има насекаде, а и во сместувањата е достапна wireless интернет мрежа.